РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-591/5
22.07.2021 год.
Валандово

# ЗАПИСНИК

**од спроведениот Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за одржување на конститутивно локално собрание на млади на Општина Валандово**

Општина Валандово, во согласност со членот 17 ст.1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РМ“ бр.10/20) и член 43-б став 2 од Статутот на Општина Валандово, отпочна постапка за конституирање на Локално собрание за млади. Во функција на тоа на ден 09.07.2021 година распиша Јавен повик за формирање иницијативен одбор кој беше објавен на Веб страната на општината. Рокот за номинирање на кандидати беше со времетраење од 7 (седум) работни дена од денот на објавувањето и траеше заклучно со 19.07.2021 година. Со повикот сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои реализираат активности на подрачјето на Општина Валандово се повикаа и имаа можност да номинираат свој претставник во Иницијативниот одбор.

Заклучно со 19.07.2021 година, до Службеникот за млади на Општина Валандово, пристигнаа 3 (три) одлуки за номинирање на член во Иницијативниот одбор на Општина Валандово и тоа:

- Одлука бр.09-591/2-1 од 19.07.2021 година од Здружение за културен, спортски и едукативен развој “Свет на промени” каде што за свој претставник е номинирана Марија Илиевска,
- Одлука бр.09-591/3-1 од 19.07.2021 година од Здружението за климатска и социјална правда “Колектив Зет” каде што за свој претставник е номинирана Софија Гетова и
- Одлука бр.09-591/4-1 од 19.07.2021 година од Здружение “Еко Правда” Валандово каде што за свој претставник е номиниран Драган Митев.

Врз основа на увидот во апликациите Службеникот за млади утврди дека истите се поднесени од страна на овластени форми на младинско организирање и здружување и дека сите 3 (три) одлуки за номинирање на член во Иницијативниот одбор на Општина Валандово се уредни и со комплетна документација.

Ценејќи дека се исполнети сите пропишани услови, Службеникот за млади одговорен за работењето на Канцеларијата за млади на Општина Валандово, предлага да се формира Иницијативен одбор за одржување на конститутивното локално собрание на млади во кој ќе влезат сите номинирани

членови од заинтересираните форми на младинско организирање и здружување и тоа:

- Марија Илиевска, номинирана од Здружение за културен, спортски и едукативен развој “Свет на промени”;
- Софија Гетова, номинирана од Здружение за климатска и социјална правда “Колектив Зет” и
- Драган Митев, номиниран од Здружение “Еко Правда” Валандово.

Да се достави до
-Градоначалник на Општина Валандово
-Архива

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Службеник за млади
Владимир Лазов